EUR-OPA	RFMC	GFMC	REEFMC	ECFF

Одбрана на Села, Фарми и Други Рурални Населби и Објекти од Пожари на Отворен Простор

Прирачник за Локално Население и Претседатели на Општини во Балканскиот Регион

Издадено од "Global Fire Monitoring Center (GFMC)" во име на "European and Mediterranean Major Hazards Agreement (EUR-OPA) Council of Europe"

Поддржано од

"Maria Tsakos Foundation, International Centre of Maritime Research & Tradition"

Главни Автори

Johann Georg Goldammer, Global Fire Monitoring Center (GFMC)
Ioannis Mitsopoulos, Global Fire Monitoring Center (GFMC)
Oyunsanaa Byambasuren, Global Fire Monitoring Center (GFMC)
Pete Sheldon, Global Fire Monitoring Center (GFMC)

Благодарност

За новниот особен придонес и соработка посебно би сакале да се заблагодариме на:

Nikola Nikolov, Regional Fire Monitoring Center, Former Yugoslav Republic of Macedonia
Sergiy Zibtsev, Regional Eastern European Fire Monitoring Center, Ukraine
Alex Dimitrakopoulos, Aristotle University of Thessaloniki, Greece
Gavriil Xanthopoulos, Hellenic Agriculture Organization "DEMETRA", Greece
Erturgul Bilgili, Karadeniz Technical University, Turkey
Andrey Eritsov, Aerial Forest Fire Center *Avialesookhrana*, Russian Federation
Chrisilios Chrysiliou, Cyprus Civil Defence, Cyprus
Goran Videc, Ministry of Regional Development, Forestry and Water Management, Forestry Directorate, Croatia
Milt Statheropoulos, European Center for Forest Fires, Greece
Sofia Karma, European Center for Forest Fires, Greece

Фотографии и илустрации

Фотографии во Дел 1:

Nikolas Giakoumidis, Атина, Грција (p. 3, 5, 7, 8)
Gavriil Xanthopoulos, Атина, Грција (p. 6, 9)

Фотографии во Дел 2:

Manina Dourali, Groovy Graphics X @2011, Атина, Грција.

Специјална благодарност до "**Maria Tsakos Foundation**, Chios Island, Greece" за кофинансирањето на проектот.

Мислењата изразени во овој труд се одговорност на авторите и не ја изразуваат официјалната политика на Советот на Европа.

Предговор

Во некои региони на Европа руралните населби (села, градови, поединечни земјоделски поседи) и други рурални објекти (земјоделски полиња / култури, инфраструктура и други загрозени добра) се сé повеќе загрозени од пожари. Овој тренд е како последица на промените во користење на земјиштето, регионалните климатски промени и особено од миграцијата во руралните средини, која резултираше со намалување на работната сила во руралните средини и способноста за самозаштита, и зголемување на ризикот од пожар на напуштеното земјиште.

Обратно, зголемувањето на индустријализацијата и концентрацијата на населението во некои области создава висок притисок врз природните ресурси за промени во користењето на земјиштето, што е изразено преку се почестите намерно подметнати пожари и "непознати" причинители на пожари на отворен простор. Испреплетеноста на човечковите населби со природните екосистеми и пожарите кои горат во меѓупросторот меѓу природата и руралните населби, во многу места создаваат сериозни проблеми, кои станаа главна тема на политичките дебати и соочувања.

Неодамнешните катастрофални пожари на отворен простор во Европа откриваат дека властите и граѓанското општество, особено руралните заедници, не се доволно подготвени за да се спречи и да се намали ризикот од пожари, да се бранат руралните заедници и други рурални добра изложени на ризик, и да се заштити човековото здравје и целосно човековата безбедност од негативните директни и индиректни влијанија и последиците од пожарите.

Потребни се прирачници кои ќе обезбедат информации за локалните жители (земјоделци, локалните власти, единиците на локалната противпожарна служба, пожарникарите волонтери и комисиите за заштита на селата) со најсовремени информации за превентивни мерки од пожари на отворен простор и прагматични мерки за одбрана на населби и руралните имоти загрозени од пожари. Со такви прирачници локалните заедници ќе бидат во можност да ги применат сите прописи за заштита на инфрастуктурата на заедницата (расчистување на вегетацијата , да обезбеди дополнителни извори на вода, примена на соодветни прописи за градба и користење на соодветни материјали, итн) и за заштита на руралното население од негативните ефекти на загадувањето со дим од вегетацијата што гори врз човековото здравје и безбедност. Исто така , проблемот со пожарите на терени променети од човековите активности, како што се пожарите на расфрлани, понекогаш напуштени објекти, отпади / депонии и други контаминирани земјишта, потребно да се нагласи заради многу токсичните гасови , генерирани од страна на заедничкото горење на природната вегетација и техничките/хемиски производи.

Покрај тоа, заканите што произлегуваат од пожари на територииите контаминирани со неексплодирани убојни средства (НУС) треба да бидат третитани, бидејќи некои шуми и не-шумско земјиште во регионот на Балканот се контаминирани од нагазни мини и неексплодирани убојни средства (НУС) кои водат потекло од неодамнешните конфликти.

Со цел да се подобри способноста на локалните рурални заедници да се заштитат од пожари на отворен простор, беа креирани насоки чија цел е:

- Обезбедување на практичен технички документ дизајниран како помошно средство за заштита на луѓето и локалните рурални заедници во регионот на Балканот од пожари
- Да служат како појдовна точка и основа за размена на експертизи и концепти во рамките на Советот на Европа / УНЕЦЕ земјите-членки за постојано зголемување на капацитетите за управување со пожарите во руралните средини.

Насоките беа подготвени со поддршка на European and Mediterranean Major Hazards Agreement (EUR-OPA), формиран од страна на Комитетот на министри на Советот на Европа. Центри кои соработуваа при изработката се: Global Fire Monitoring Center (Germany), the Regional Southeast Europe / Caucasus Fire Monitoring Center (Skopje) и the Eastern European Fire Monitoring Center (Kiev). Членови на UNECE/FAO Team of Specialists on Forest Fire, the UNISDR Regional Eurasian и SE Europe / Caucasus Wildland Fire Networks придонесоа во развојот на упатствата.

Насоките се поделени во три дела:

Дел 1: Прирачник за локалните власти

Дел 2: Прирачник за локалното население

Дел 3: Материјали за обука на руралните противпожарни служби и локалните заедници за управување со пожари, базирани на EuroFire стандардите

Во февруари 2013 година концептот на насоките беше тестиран во теренска кампања на островот Хиос, Грција, организирана од страна GFMC и Maria Tsakos Фондацијата. Целта на оваа кампања беше да се истражат изложеноста, искуствата и мислењата на локалното население пред, за време и после пожарите на отворен простор. Истражувањето вклучи интервјуа со 118 локални жители во областите погодени од големиот шумски пожар во Август 2012 година. Резултатите од оваа кампања може да се добијат со барање поднесено до GFMC.

Содржина

	Дел 1: ПРИРАЧНИК ЗА ЛОКАЛНИТЕ ВЛАСТИ	1
1	**Вовед и образложение....…….....…**	2
2	**Некои Факти за Заканите од Пожарите на Отворен Простор.....…**	4
2.1	Пожарите на Отворен Простор Закана за Друштвото.....	4
2.2	Причини за појава на пожарите.....	10
2.3	Фактори кои влијаат на однесувањето на пожарите на отворен простор …….....….....	12
2.4	Посебни случаи: Пожари на контаминирани земјишта.....	13
3	**Подготвеност за пожари на отворен простор .....…….....……**	14
3.1	Состанок на засегнатите страни и оние кои носат одлуки..……	14
3.2	Локален План за Заштита од Пожари..... …….....	14
3.3	Спроведување на превентивните и подготвителните мерки за заштита од пожари на отворен простор на локално ниво	16
	Дел 2: ПРИРАЧНИК ЗА ЛОКАЛНОТО НАСЕЛЕНИЕ	1
1	**Вовед.....……..... **	2
2	**Дали постои ризик за вашата куќа или фамилија?...……....**	2
3	**Подготовка на вашиот имот.……....**	3
3.1	Како вашиот дом и неговото опкружување да останат безбедни од пожар на отворен простор.....	3
3.2	Листа за проверка на безбедноста на куќата од пожар ……	5
3.3	Опрема/уреди на фармата и заштита од пожари.……..	10
4	**Итни случаи при пожари на отворен простор…….……**	12
4.1	Подготовка на објектот за пожар на отворен простор..……	13
4.2	Евакуација……...	15
4.3	Преживување при пожар на отворен простор.....……..	17
4.4	Заштита од димот од пожар.....……	20
	Дел 3: МАТЕРИЈАЛИ ЗА ТРЕНИНГ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПОЖАР ЗА ЛОКАЛНИТЕ ПРОТИВ ПОЖАРНИ СЛУЖБИ И ЛОКАЛНИТЕ ЗАЕДНИЦИ, БАЗИРАНИ НА EUROFIRE СТАНДАРДИТЕ	1

Корисни референци и натамошно читање

Извори од интернет

FireSmart Canada: https://www.firesmartcanada.ca

FireWise Communities: http://www.firewise.org

Prepare - Act - Survive: https://esa.act.gov.au/community-information/bushfires/prepare-act-survive

National Fire Protection Association: http://www.nfpa.org

Understanding bushfires to protect lives and property: http://www.csiro.au/en/Outcomes/Safeguarding-Australia/BushfireBehaviour.aspx

EuroFire Standards: http://www.fire.uni-freiburg.de/eurofire/about_intro_en.html

Ready, Set, Go! http://www.wildlandfirersg.org/index.cfm

Wildfire is coming. Are you ready? http://www.readyforwildfire.org/getting_set

Wildfire Smoke: A Guide for Public Health Officials: http://www.ehib.org/papers/wildfire_smoke_july_2008.pdf

Други регеренци

CFS. 2007. Farming Guidelines for the Reduction of Bushfire Risk. Government of South Australia. 16 p.

DEFS. 2012. Prepare, Act, Survive. 4th Edition. Government of Western Australia. 21 p.

FEMA. 2009. Wildfire! Are you prepared? U.S. Fire Administration. 9 p.

FESA. 2007. Bush Fire Survival Manual. 5th Edition. Government of Western Australia. 44 p.

Goulette N. 2012. Living with Wildfire; the State of Practice in Western Communities. The Watershed Research and Training Center. 49 p.

McLennan J. and Elliott G. 2011. Community members' decision making under the stress of imminent bushfire threat – Murrindindi Fire, School of Psychological Science La Trobe University, Bundoora and Bushfire CRC, East Melbourne.

U.S. Department of Agriculture. 2001. Urban Wildland Interface Communities within the Vicinity of Federal Lands That are at High Risk from Wildfire. Federal Register 66, 751.

U.S Department of Agriculture. 2011. Best Management Practices for Creating a Community Wildfire Protection Plan. Northwest Research Station, General Technical Report 89, 33 p.

Одбрана на Села, Фарми и Други Рурални Населби Против Пожари на Отворен Простор:

Насоки за Локалната Заедница и Општинските Власти во Балканскиот Регион

ДЕАЛ 1

ПРИРАЧНИК ЗА ЛОКАЛНИТЕ ВЛАСТИ

ДЕЛ 1 - Вовед и Образложение

Целиот Балкански Полуостров и околните острови на Егејското , Јонското и Јадранското Море, руралните населби (села, градови , земјоделски и сточарски фарми) и други рурални населби и добра (земјоделски области и култури, инфраструктура и други вредности на ризик) се повеќе се загрозени од пожарите на отворен простор . Ова зголемување на заканата од овие пожари е последица на :

- Внатрешната миграција на селското население во урбани центри , што резултираше со намалување на руралната работна сила и , следствено, способноста за самозаштита од пожари на отворен простор
- Промените во користење на земјиштето заради напуштањето на земјоделското земјиште и пасиштата што резултираше со експанзија на природната вегетација (грмушки , дрва , итн) и голема акумулација на горлив материјал од природната вегетација
- Намалениот интензитет на стопанисување со шумите (сеча , собирање смола, изградба на патишта , итн) и намалено собирање на огревно дрво од шумско земјиште, како резултат на намалувањето руралното население и економски причини
- Регионалните климатски промени кои се карактеризираат со повисоки летни температури, продолжени сушни периоди и намалување на количеството врнежи во текот на годината.

Урбанизацијата на голем дел од руралното население и концентрацијата на индустријата околу урбаните центри создаде голема побарувачка за станови и локации за индустриски развој , следствено, зголемен притисок за промена на користењето (намената) на земјиштето во области со природна вегетација во рурално - урбаните меѓупростори. Овој тренд влијаеше на зголемеување на обемот на подметнување пожари во овие региони.

Мешањето на човечките населби со природните екосистеми и пожарите во меѓупросторот меѓу природата и руралните населби , а во некои случаи, исто така, во семи -урбаната зона на поголемите градови, во многу региони создаде сериозни проблеми , кои станаа голем проблем во политичката дебата и соочувања.

Неодамнешните катастрофални пожари на отворен простор во регионот на Балканскиот полуостров откриваат дека властите и населението , особено руралните заедници, не се доволно подготвени за да ја спречат појавата и намалат ризикот од пожари, да се заштити руралното население и добра изложени на овој ризик и да се заштити човековото здравје односно севкупната човекова безбедност од штетните директни и индиректни влијанија и последици од пожарите.

Овие прирачници обезбедуваат информации за локалните власти, локалните противпожарни единици, доброволните пожарникари и селските одбори за заштита за неопходноста од соработка со локалните жители да се развијат ефикасни мерки за:

- Превентива од пожари на отворен простор
- Подготвеност за итни ситуаци при пожари, вклучувајќи ги и големите пожари на отворен простор
- Заштита на населби и руралните имоти загрозени од пожари.

Раководните лица на Локалните заедници (градоначалници или претседатели на локалната администрација) и раководителите на јавните сервиси на општинско или локално ниво, треба веднаш да ги информираат жителите на локалните заедници, кои

живеат во селата и одделните земјоделски фарми, за заканите од пожари и како да се се заштитат себеси и својот имот.

Овие прирачници имаат за цел да ги информираат и да им овозможат на членовите на локалните заедници да ги спроведат основните безбедносни прописи за заштита на нивните имоти од пожари, и што е најважно, на нивните семејства од директните и индиректните ефекти од пожарите (на пример, последиците од загадувањето од димот на пожарот врз здравјето и безбедноста на луѓето и пожарникарите).

Проблемот со пожарите кои горат на земјишта кои се користат како места за отпад или се загадени со индустриски отпад треба да се земе во предвид заради емисијата на опасни токсични гасови кои се резултат на заедничкото согорување на природната вегетација и хемикалии од одпадот.

Покрај тоа, во предвид треба да бидат земени и заканите што произлегуваат од пожари на териториите загадени од неексплодирани убојни средства (НУС) , бидејќи некои шуми, шумски и друг вид на земјиште на Балканот сеуште се загадени од мини и НУС кои потекнуваат од поодамна и од последните вооружени конфликти.

Покрај овие Прирачници, друг сет на илустрирани материјали е предвидено да биде дистрибуиран до индивидуалните сопственици на куќи или фарми и во руралните претпријатија. Со овие илустрирани материјали локалните жители ќе станат свесни за заканите кои доаѓаат од пожарите по нивната безбедност и здравјето на нивните семејства, закани за приватната сопственост и на јавната инфраструктура и ќе учат како да се намалат или ублажат овие потенцијални закани.

ДЕЛ 2 - Некои Факти за Заканите од Пожарите на Отворен Простор

2.1 Пожарарите на Отворен Простор Закана за Друштвото

Многу домови , инфраструктура и други рурални добра, како што се земјоделски машини и култури, се разместени во рамките на шумски површини , земјоделско земјиште и пасишта. Така, постојат многу различни зони на интеракција помеѓу потенцијално запаливи пејзажи и средствата на руралните населби. Оваа зона на контакт помеѓу природни пејзажи и човечки структури и средства го зголемува ризикот од катастрофални пожари, заканувајќи се по животите, имотот и инфраструктура во илјадници населени места ширум Балканот. Борбата против пожарите во рамките на оваа зона може да биде комплицирана, скапа и опасна поради конфузноста при ситуациите со кои се соочуваат пожарникарите и цивилите. За разлика од ефектите на пожарите на отворен простор врз природната средина, главните закани за руралните друштва од овие пожарисе:

- Губење на животи и негативни ефекти врз здравјето што се должи на топлината и димот
- Штети на приватниот и јавниот имот и други добра
- Оштетување и губење на земјоделски производи , продуктивноста, и добиток
- Уништување на шумите
- Негативно влијание врз туристичкиот сектор.

За разлика од руралните заедници, пожарите исто така се закана за предградијата на градови, па дури и за самите големи градови.

Заедно, директните и индиректните влијанија на пожарите врз животите и имотот на општеството заедно со финансиските загуби, кои се вклучени може да бидат големи и многу непропорционални со штетите предизвикани на природните екосистеми. Ова особено имајќи во предвид дека многу екосистеми во источниот Медитеран и Југоисточна Европа природно ќе закрепнат по пожарите.

Човечки жртви

Смрт или повреда предизвикана од пожар на отворен простор е ризик за двете страни, професионалните пожарникари и граѓаните:

- Ширењето на пожарите често е многу брзо и непредвидливо
- Луѓето може да заробени од пламените јазици и страдаат од директни изгореници
- Директното вдишување на дим влијае на респираторниот систем на човекот. Така, многу луѓе би можеле да се задушат од димот додека се борат или се обидува да побегнат од пожарот
- Пожарите може да предизвикаат жртви меѓу професионалните и доброволните пожарникари, заради исцрпеност од топлината, вдишување на дим и стрес на телото за време на пожарот
- Исцрпеност од топлината и стрес, во комбинација со работа со противпожарни возила и друга противпожарна опрема може да доведе до незгоди

- Дури и мали повреди под овие околности може да резултираат со губење на животот.

Загадување од дим може да влијае врз човековото здравје и има ефекти на пожарникарите и луѓето во близина на пожарите, но и врз луѓе кои живеат во региони далеку од пожарите. Вдишувањето дим има опасни последици по здравјето на луѓето :

- Димот од пожари на отворен простор е комплексна мешавина на гасови и честички кои се опасни по здравјето на луѓето
- Вдишувањето дим од пожарот може да предизвика голем број на акутни, краткорочни или долгорочни здравствени ефекти
- Симптомите се движат од главоболки и печење на очите и грлото , како последица на краткотрајна изложеност на дим, до исцрпеност пропратена со респираторни и срцеви проблеми
- Негативниот ефект од вдишување дим ќе се влоши ако жртвата веќе страда од астма, алергии или болести на срцето . Во овие случаи вдишувањето дим може да биде фатално.

Посебно внимание треба да се посвети на пожари кои горат на терен каде има неексплодирана муниција (неексплодирани убојни средства - НУС) и нагазни мини кои водат потекло од претходни вооружени конфликти. Овие пожари постојано резултираат со човечки жртви и повреди (види Дел 2.4).

Загуби на имот

Домовите, фармите и целата рурална заедница се загрозени од пожарите на отворен простор на два начина:

- Директна штета може да се случи кога пламенот или топлотното зрачење од огнот ќе ја загрее и запали блиските објекти

- Жарта што лета ветерот може да ја транспортира на големи растојанија и да падне на покривите или дури и внатре во куќите, ги пали запаливите делови од објектите, како што се мебел, завеси, итн

Важен фактор кој значително влијае врз загубите на имотите е запаливоста на материјалите од кои се изградени објектите:

- Во земјите каде селските домови и фарми вообичаено се направени од дрво или импровизирани материјали, загубите за време на пожари често достигнуваат стотици изгорени објекти во еден пожар
- Спротивно на тоа, онаму каде куќите се направени од огно отпорни материјали, како што се природен камен, тули или бетон, загубите се многу помали.

Економски влијанија

Економските загуби од пожарите ги вклучуваат оштетувањата и на приватниот имот и јавната сопственост. Освен целосните уништувања на куќи и инфраструктуа, во Балканскиот регион биле евидентирани следниве поважни загуби:

- Загубата на едногодишни земјоделски култури заради пожар може да биде многу голема, особено кога пожарите се јавуваат во периодот непосредно пред жетвата. Всушност, извештаите говорат дека искрите од земјоделската механизација се причинители на пожарите
- Уништувањето на повеќегодишните насади како што се маслинови градини, овошни насади или овоштарници со мастикови дрвја се од голема економски важност заради времето потребно да се обноват овие овоштарници, процес кој често бара неколку години
- Димот од големите пожари депониран во лозовите насади влијае на квалитетот на виното, бидејќи тоа резултира со " вкус на пушач " на виното, со што се намалува неговиот квалитет и комерцијална вредност. Покрај тоа, ефектот на депонирана пепел на почвата предизвикува проблеми за голем број на години

- Посебен случај е уништувањето на оранжерии и друга инфраструктура (на пример , системи за наводнување) кои вклучуваат значителни капитални загуби, што земјоделците многу тешко можат да ги обновуваат; во други загуби се вклучуваат огради и други земјоделски објекти
- Загубите во сточарството може да се случат на отворени пасиштата , ливади, трла и штали
- Столбови и жици на телефонските и електричните водови може да бидат оштетени од пожарите, предизвикувајќи прекин на теле-комуникациите и снабдувањето со електришна енергија. Тие штети исто така се скапи за санирање.

Загуби на шумски производи

Значителните економски штети во шумите вклучуваат и загуба на шумски производи, на пример:

- Дрвесина: Степенот на оштетување зависи од типот (површински, пожар во крошната, комбиниран) и интензитетот на пожарот, насадот и видот на дрвјата на опожарената површина и нивната планирана употреба (столбови, граѓа, четвртачи за производство на разни делови во дрвната идустрија, итн)
- Огревно дрво или суровини за обновлива енергија (пелети)
- Други шумски производи како смола, семиња, билни / лековити растенија.

Туризам

Пожарите често имаат штетни и скапи ефекти врз локалниот туризам. Евакуациите на туристи од камповите или други сместувачки капацитети се опасни и скапи. Негативната слика емитувана од погодените или видливо загрозени туристички региони од пожар обично резултира со откажување на резервации за краток рок. Ефектите од пожарите на пејзажните рекреативни региони се често штетни и може да траат неколку години. Според ова, во најголем интерес на локалните власти е да ги преземат сите мерки на претпазливост за да се обезбеди безбедноста на посетителите и да се избегнат долгорочни економски загуби во туристичките региони погодени од пожари на отворен простор.

Загуби на општо корисните фукции/вредности на шумата

Локалните заедници и општини имаат важна етичка обврска да учествуваат во заштитата на општите глобалени добра, како што се биодиверзитетот и врзувањето на јаглерод диоксидот:

- Биодиверзитет: Пожарите често предизвикуваат сериозна загуба на биодиверзитетот, особено во екосистеми чувствителни на пожари
- Губење на јаглерод: Моменталните меѓународни политики го поттикнуваат врзувањето на јаглерод диоксидот од шумите во обидот за борба против ефектот на стаклена градина. Тие изнаоѓаат мотиви за земјите да ги зголемат своите површина под шума, вклучувајќи и парични субвенции според Протоколот од Кјото. Шумските пожари ослободуваат јаглерод во атмосферата, пред се во форма на јаглерод диоксид и ова директно се преведува во економска загуба.

Други секундарни влијанија

Значајни секундарни влијанија на пожарите се предизвикани од уништувањето на приземната вегетациската покривка и листинец, кои се важни за заштита на почвата од ерозија, особено во планинските региони. Пожарите со јак интензитет кои ја осиромашуваат на почвата од заштитната вегетацисијска покривка може да предизвикаат:

- Зголемена ерозија и на тој начин загуба на плодна и продуктивна почва
- Одрони или лизгање на земјиштето што е закана за објекти и инфраструктури (вклучувајќи патишта) , па дури и човечки животи
- Создавање на интензивни поплави (порои), кои се најопасни за населбите и човековата безбедност .

Други секундарни влијанија како резултат на горењето на објекти, инфраструктури и " наследство на индустријализација ", т.е. депонии и друго несоодветно депонирање на индустриски отпад. Објекти, стопански гранки и депонии кои содржат отпад од домаќинствата, електрични апарати, синтетички и индустриски фабрикувани материјали, вклучувајќи батерии, и на крајот радиоактивни материјали. При согорувањето на овие материјали се испуштаат значителни количини на загадувачи на воздухот , кои се исклучително опасни за човековото здравје .

2.2 Причини за појава на пожарите

Според статистичките податоци повеќе од 98 % од сите пожари во регионот на Балканот се предизвикани од човековите активности. Повеќето пожари се резултат од небрежност и употребата на оганот како алатка во земјоделски активности. Многу често, горењето на земјоделските површини се смета како традиција, но во денешно време во повеќето земји од регионот ова палење е спротивно на законот. Примерите за причинители на шумски пожар подолу вклучат и други начини на употреба на огинот и негови извори, кои исто така се многу честа појава во регионот.

- Следува совет наменет за администрацијата локалните заедници, за тоа како да се намали појавата или последиците од пожарите предизвикани од луѓе.

Горење на земјоделски површини и пасишта

Употребата на огнот во земјоделскиот сектор е вообичаена практика низ цела Југоисточна и Источна Европа. Оганот главно се користи за :

- Расчистување на земјоделските површни остатоците по жетвата или кроење и палење на стрништата
- Подобрување на квалитетот на пасиштата.

Многу често овие горења не се прпратени со соодветно присуствуво на оние кои ги запалиле. И покрај тоа што палењето на земјоделски површини во повеќето земји е нелегално, сепак многу земјоделци палат оган и веднаш го напуштаат местото , со цел да не биде уапсени од страна на полицијата. Ова е една од главните причини зошто овие намерни палења често излегуваат од контрола и се шират во околните шуми и населби.

- *Округли маси (дискусии) на локално ниво треба редовно да се одржуваат, со цел да се информираат локалните сопственици имот и корисници на земјиште за правната регулатива за употреба на огнот; ризиците кои ги носи нелегалното палење или кога правилно не се почитувале законите и законските регулативи; Треба да се предложат насоки како да се замени традиционалното палење со други методи со кои ќе се постигнат истите ефекти (чистење земјоделските површини, подобрување на пасиштата) на безбеден начин.*

Депонии за ѓубре и други површини за депонирање на одпад

Депониите за ѓубре претставуваат значаен извор од каде пожарите на отворен простор почнуваат да се шират, и тоа:

- Спонтано горување као резултат на палење на метанот во ѓубре што ферментира
- Ѓубрето често се пали за да се намали неговиот волумен и оганот се шири наоколу
- Заради недостаток на алтернативи, во локалните заедници каде што не постои служба за собирање на отпадот, отпадот од домаќинствата и градинарскиот отпад се пали.

- *Управувањето или затворањето на отворени депонии за ѓубре и други депонии мора да добијат висок приоритет со цел да се исполнат законските и еколошките прописи, вклучувајќи ја и превенцијата од само-палење или палење од локалното население.*

- *Тркалезни маси треба редовно да се одржуваат на ниво на локалната заедница со цел локалните жители да се информираат дека палењето на ѓубре на приватен имот е нелегално, бидејќи тоа вклучува висок ризик од пожари и исто така е извор на токсични загадувачи на воздухот.*

Патниот и железничкиот сообраќај , земјоделска и шумарска механизација

Патниот и железничкиот сообраќај се важни извори за палење на пожари на отворен простор. Искри од сопирачките на возовите, или искрите од ауспусите на возилата и катализаторите можат да ја запалат сувата трева. Земјоделската и шумската механизација се во близок контакт со лесно запалив горлив материјал и претставуваат важен извор на палење . Фрлените одпушоци од цигари се многу честа причина за палење покрај патиштата.

- *Со цел да се намали потенцијалот за палење, локалните власти треба да соработуваат со владините агенции или приватни компани за да се намали количината на лесно запалив горлив материјал покрај патиштата и железничките пруги. Ова ќе бара редовно вработување на локална работна сила за да се расчисти сувата вегетација, поткастрат дрвјата и да се формира отворена, достапна тампон зона со помалку дрвја , грмушки или приземна вегетација. Железничките компании треба да бидат одговорни ако тие не ги применуваат соодветните технички мерки , како што се "фаќаќи на искри" поставени на цефките за издувни гасови, или опотреба на соодветни материјали за сопирачки, со цел да се минимизира произведувањето на искри.*

Водови/линии за електрична енергија

Линиите за електрична енергија се честа причина за пожари. Силните ветрови може да предизвикаат електрични празнења и краток спој помеѓу жиците што се нишаат, предизвикувајќи искри кои можат да го запалат лесно запаливиот сув горлив материјал кога ќе паднат на земја. Неадекватно исчистени и одржувани изолатори, исто така, може да предизвикаат струјни лакови за време на влажни денови. Паднатите далноводи од силните ветришта или поради лошото одржување на столбовите, исто така, може да произведат искри. Пожарите во вакви ветровити услови може многу брзо да се прошират и да заземат големи размери.

- *Апсолутно неопходно е да се расчисти вегетација веднаш под жиците и во појас најмалку 10 т лево и десно по целиота електричена линија. Иако оваа задача е обврска на претпријатието за дистрибуција на електрична енергија, сепак локалните власти треба да се соработуваат со компанијата, со цел редовно проверување и одржување на далноводите чисти од вегетацијата.*

Намерно подметнување на пожар

Подметнувањето пожар е главна причина за пожари на отворен простор на Балканот. Пожари понекогаш се подметнуваат за да се прикрие нелегалната сеча на шумата, за да ја прикрие нелегално одгледување на растенија од кои се добива дрога, или да се опожарат шуми во кои нормално не може да се сечат дрва, но сечата како санациона мрка ќе биде дозволена. Во некои случаи пожари се подметнуваат со цел да се одстрани шумата и другата природна вегетација, на тој начин се врши пренамена на опожарените површини (изградба на објекти/куќи, земјоделство, итн.)

- *Дискусиите на тркалезни маси на локално ниво треба да овозможат информирање на сопствениците на земјиштето дека промената на користењето на земјиштето на јавното опожарено шумско земјиште е нелегално, иако шумска вегетација во овие региони е уништена.*

2.3 Фактори кои влијаат па однесувањето на пожарите на отворен простор

Постојат три главни фактори кои влијаат на однесувањето на пожарот: Количината и карактеристиките на вегетацискиот горлив материјал, времето и топографијата.

Вегетацијски горлив материјали

Органски горлив материјал - жив (зелен) или сув (мртов) - се запаливи и подрчуваат горење :

- Шуми: лисја, иглички, гранчиња од дрвјата и тревната вегетација и отпадоци листинец
- Земјоделски површини и пасишта : Остатоци од земјоделски култури, слама , сува и небалирана трева, и поединечни грмушки и дрвја.

Постојат одредени карактеристики на органскиот горлив материјали кои го детерминираат однесувањето на пожарот, и тоа се:

- **Големина на горливиот материјал:** Малите лисја, гранчиња и трева горат полесно
- **Содржината на влага:** Содржината на влага или сувост на органскиот горлив материјали зависи од

  - *Температурата на воздухот:* Високите температури го забрзуваат сушењето и ја зголемуваат запаливоста на органскиот горлив материјал. За да се достигне температурата на палење на овие материјали потребно е да се донесе помалку енергија

  - *Релативната влажностна воздухот:* Намалувањето на релативната влажност на воздухот придонесува за сушење и зголемување на запаливоста на сувиот органски горлив материјал

  - *Долчината на времето од минатата врнежи од дожд и нивната количина:* Ова ја одредува содржината на влага и брзината на сушење на горливиот материјал.

Време

Времето е можеби најважниот фактор што влијае врз однесувањето на пожарите на отворен простор. Покрај температурата на воздухот и неговата релативна влажност , ветерот е најважниот фактор што влијае на однесувањето на пожарот:

- <u>Брзината на ветерот</u> има големо влијание врз интензитетот на пожарот, брзината со која се шири и неговата форма. Ветерот, исто така, може да ги подигне во висина малите жарчиња, кои летаат, и ги носи пред фронтот на пожарот предизвикувајќи нови пожари. Колку е ветерот посилен толку пожарот побрзо ќе се шири
- <u>Правецот на ветерот/ промената во правецот</u> е многу критична за процената на однесувањето на пожарот и донесување на одлука за соодветен метод за гаснење или процедура за евакуација. Загубите на човечки животи и имоти од пожарите во најголем дел се резултат од ненадејни и неочекувани промени во насоката на ветерот. Промената на насоката на ветерот ќе предизвика промена на фронтот на пожарот. Овие промени се опасни ако тие се случат одеднаш и неочекувано , и релативно стабилните страни на пожарот можат ненадејно да ги трансформираат во фронтови на пожарот. Заради тоа, пожарникарите и

локалните власти постојана треба да добиваат точни информации за временската прогноза во врска со промените на ветерот.

Топографија

Третиот главен фактор кој влијае на ризикот и однесувањето на пожарите е топографијата, особено во планинските региони:

- *Наклон:* Пожарите се шират нагоре ќе се движат побрзо од пожарите што се шират надолу. Додека пожарите што се шират полека и надолу и може да се контролира лесно, пожарите кои се шират на нагорнина се движат многу брзо и обично се тешки за контролира. Пожарите што се движат нагоре се најважната причина на несреќи и жртви
- *Експозиција:* Јужната и западна експозиција добиваат повеќе сончеви зраци и се потопли и посуви отколку северните и источните експозиции. Пожарите на овие сончеви падини ќе се развиваат многу побрзо отколку на северните и источните падини, бидејќи горливиот материјал е посув.

► Во врска со подготовката на " Локален план за заштита од пожари " (види Дел 3.2) , локалните власти во планинските региони каде има објекти или села на планинските сртови , падини и долини, треба да бидат свесни за опасноста по човечките животи и имоти на таквите локации.

2.4 Посебни случаи: Пожари на контаминирани земјишта

Во многу земји во регионот на балканот постојат шумски региони и други земјишта кои се контаминирани со разни видови на индустриски, хемиски и радиоактивни загадувачи или остатоци од вооружени конфликти, како што се неексподирана муниција и нагазни мини. Пожарите кои се случуваат во таквите области може да резултираат со колатерална штета како што се хемиските и радиоактивните загадувања на воздухот и експлозии.

Превентивните активности или гаснењето на пожарите во таквите терени се многу опасни и бараат специјални експертизи и опрема. Локалното население кое живее внатре или во непосредна близина на таквите контаминирани региони мора да добие специјални инструкции за тоа како да се справи со овие ризици.

► Областите контаминирани со НУС и нагазни мини треба да бидат одбележани како *Црвени Зони* во која механичките мерки за превентива и гаснење од земја мора да бидат ограничени и може да се вршат само од страна на специјално обучен персонал со соодветна опрема. Локалната администрација и локалните противпожарни служби се одговорни за одбележување на овие опасни подрачја со видливи и недвосмислени знаци.

► ДЕЛ 3 – Подготвеност за пожари на отворен простор

Прирачникот за руралните заедници е потребен со цел тие да бидат подготвени за одбрана на нивните домови, земјоделски поседи и села од пожари. Добрата подготвеност ќе ја зголеми отпорноста на една заедница да шумски пожар и, исто така, ќе ја олесни работата на пожарникарите, кога тие ќе бидат повикани за гасење на пожарот. Подготвеноста за пожар на отворен простор вклучува:

- Консултации со локални експерти и надлежните органи одговорни за заштита на шумите, земјоделско земјиште, природни резервати, национални паркови и природното / културното наследство од пожари
- Подготовка на Локален План за Заштита од Пожари
- Напори од страна на поединци да го намалат ризикот од пожар на нивните имоти.

3.1 Состанок на засегнатите страни и оние кои носат одлуки

► Во почетокот на процесот на планирање главниот тимот треба да се формира и да е составен од

- Претставници од локалната власт и администрација, одговорните на локалната противпожарна, и државните институции одговорни за стопанисување со шумите и земјоделието
- Локалните претставници на селата (да бидат одредени и активно вклучени)
- Други заинтересирани организации и заинтересирани страни (да се охрабруваат да учествуваат).

3.2 Локален План за Заштита од Пожари

► Земајќи ги во предвид факторите кои влијаат врз однесувањето на пожарот, како што е опишано во делот 2, важно е најпрво да се идентификува ризикот од пожар на отворен простор на кој локалната заедница може да биде изложена. Развојот на " Локален План за Заштита од Пожари " вклучува неколку чекори со различни цели :

- <u>Директно учество на локалните жители:</u> Вклученоста на локалното население во развојот на Локален План за Заштита од Пожари ќе создаде свест за ризикот пожари на отворен простор, ќе го стимулира активното учество и веројатно ќе направи сопствениците на куќите и земјиштето да ја преземат одговорноста и да ги подготват и бранат своите имоти од пожари
- <u>Анализа на пожарите во минатото:</u> Проучување на историјата на пожарите, причините и штетите во заедницата и околината ќе доведе до корисни заклучоци за тоа што да се прави и што да се избегне однапред и за време на пожар на отворен простор
- <u>Процена на ризикот:</u> Идентификација на регионите во рамките на заедницата со висок ризик од пожар ќе овозможи мерките што треба да се преземат за превентива од пожари и подготвеност да се преземат според приоритетот.

Историја на пожарите и сезона на пожари

► Прегледот на официјалната статистика и кажувањата за пожарите во минатото може да им овозможи подобра процена на:

- Колку често и во кое време од годината имало појава на пожари во регионот

- Просечната големина на пожарите
- Главни видови на опожарена вегетација
- Причини за појава на пожарите во минатото.

Овие информации ќе ви помогнат правилно да ги насочите планираните мерки за намалување на ризикот, и географски и сезонски.

Подготовка на Локалниот План за Заштита од Пожари

► *Подготовката на Локалниот План за Заштита од Пожари на локално ниво треба да вклучи активно учество на засегнатите сопственици на земјиштето / земјишните корисници и луѓето кои живеат на работ на селата или населбите во близина на околните шуми, грмушести терени и земјоделските површини. Други заинтересирани организации и засегнати страни, исто така, треба да бидат охрабрени да учествуваат.*

► *Основа за изработка на Локалниот План за Заштита од Пожари е подготовката на Карта за заштита од пожари. Една методологиите за изработка на таква карта е рекогносцирање на теренот со пешачење, во текот на кое стручното лице за пожари, локалните власти и жители ќе собираат податоци од теренот. Во текот на ова рекогносцирање ќе бидат проценети ризичните и чувствителни зони на пожар, заедно со топографијата на теренот.*

Следните информации треба да бидат составен дел на картата:

- Опис на вегетациските карактеристики: Картата треба да го опише видот на горливиот материјал за време на сезоната на поќари, на пример, трева и грмушки на пасишта, земјоделски остатоци, шуми, но и горливиот материјал во или на работ на овоштарниците. Посетата на шумите и другото земјиште околу локалната заедница за време на рекогносцирањето ќе им даде слика за видот на вегетација која е распространета во околината. Консултацијата со локалните управувачи со земјиштето, како што се локалните шумарски инженери и пејзажни планери ќе помогне да сразберат карактеристиките на вегетација во регионот, како што се колку брзо расте и се суши приземната вегетација и во кој период од годината ова се одвива
- Меѓупростор Локална Заедница-Вегетација: При процената на ризикот од пожар на куќите, шталите, плевните и други објекти треба да се разгледа нивната близина до запаливата вегетација. Сопствениците на имот и земјиште треба да бидат свесни дека тие се одговорни за заштита на своите имоти, преку преземање на мерки за заштита од пожари. Локалната власт или администрација ќе го утврди степенот на ризик од пожар на отворен простор на целата заедница, а исто така ќе ги идентификува ризиците и можните ограничувања во развојот на вегетацијата/пејзажот во иднина.
- Терен: Ако село или индивидуални земјоделски имоти или викенд куќи се наоѓаат во регион со стрмен терен, заканите кои произлегуваат од пожар на отворен простор се многу поголеми. Ова е особено случај за објекти изградени на гребени, стрмни падини или во стрмни долови. Овие региони можат особено да бидат опасни заради силниот интензитет на пожарите кои горат на нагорнини. Понатаму, на таков терен пристапот за противпожарните служби може да е ограничен или да бидат ограничени правците за евакуација
- Условите на патот: Региони со само неколку и тесни патишта може да се сметаат региони изложени на поголем ризик во случај на пожар на отворен простор, бидејќи едно едноставно паднато дрво може сериозно да ја загрози

можноста на жителите да се евакуираат или пристапот на противпожарните сили за да го изгаснат пожарот. Исто така, патишта кои ретко се користат може да бидат од витално значење во случај на пожар на отворен простор. Состојбата на тие патишта треба да се проверува, особено во периодот непосредно пред сезоната на пожари.

Оваа основна карта тогаш ќе го прикаже ризикот од пожар на:

- Видот на вегетацијата
- Шуми и земјоделски површини со ризик за големи штети од пожари
- Индивидуални куќи / фарми во меѓупросторот низ руралниот пејзаж
- Станбени области во меѓупросторот со руралната вегетација
- Друга критична инфраструктура
- Области контаминирани со неексплодирани средства, нагазни мини, или депонии.

Покрај тоа што изготвувањето на оваа карта преку активен партиципативен процес со локалните жители ќе биде основа за планирање на превените и подготвителни активности, картата, исто така, може да се користи и од страна на противпожарните служби во текот на гаснењето на пожарот. Картата на пожарникарите може да им помогне и за откривање на ризиците при гаснењето.

Процена со сите засегнати страни: Усогласување на приоритетите

► *Локалните власти треба да го користат Локалниот план за заштита од пожари на отворен простор за да ја олесни дискусијата на локалната заедница што ќе води кон идентификација на локалните приоритети за намалување на горливиот материјал, запалливоста на објектите, како и други прашања од интерес, како што се подобрување на способноста за реагирење при пожари.*

► *По завршувањето на планот за заштита, резултатите ќе бидат соопштени на заедницата и други вклучени страни и заинтересирани организации. Противпожарната служба мора да има копија на тековниот Локален план за заштита од пожари на отворен простор пред почетокот на сезоната на пожари. Уште подобро е ако претставник на службата учествува во подготовката на планот.*

3.3 Спроведување на превентивните и подготвителните мерки за заштита од пожари на отворен простор на локално ниво

При спроведувањето на некои од активностите за преветива и подготовка од Локалниот план на локално ниво тие треба да бидат координирани од страна на локалната власт. Локалната самоуправа е исто така одговорна да обезбеди совети и насоки за локалната жители поединечно и да поддржи мерки за заштита на приватната сопственост од страна на сопствениците. Таква работа треба да се направи во време од годината кога ризикот од пожари на отворен простор е мал.

Деталните технички упатства за приватни сопственици на имот се дадени во посебен Прирачник. Според тоа, следниве технички и организациони мерки за превентива иподготовка за пожари на отворен простор се оние за коиодговорноста мора да ја преземе локалната администрација.

Создавање на "тампон зони" против пожари

Зголемување на растојанието помеѓу запаливата вегетација и имотите ќе резултира со намалување на ризикот од нивно палење време на пожари. Создавање на против пожарни тампон зони, во кои вегетација и лесно запаливиот горлив материјал се намалени или отстранети, ја намалува брзината на приближување на пожарот (ја намалува должината на пламенот и топлотното зрачење) и го успорува или дури и го запира ширењето на огнот. На таквите прочистени тампон зони гасењето на пожарот е полесн и, исто така, се олеснува пристапот на луѓето во неволја (на пример, за спасување и евакуација).

► Затоа, во зависност од видот на вегетација во оклината нато село или индивидуална куќа или фарма, во предвид мора да се земат следниве активности :

- Околу селата, на растојание од 25 метри од работ на селото, за да се создаде против пожарна тампон зона, вегетацијата треба да биде исчистена, при што лесно запаливата вегетација е во голема мера отстранета или намалена. Некои дрвја може да останат , но нивниот склоп мора да е многу редок и долните гранки изчистени. Сувиот растителен материјал мора редовно да се одстранува од теренот.
- Изолираните куќи и објети , исто така, треба да бидат заштитени слични тампон зона , но тоа е во надлежност на тој што живее во нив или на сопственикот.
- Дворовите или градините со зеленчук во рамките на домовите или други објекти треба да се чуваат слично исчистени од страна на тие што живеат во нив или сопственикот
- Слободните парцели во рамките на станбените населби, во кои често расте дива вегетација, мора да бидат исчистени од страна на сопственикот или од страна на локалната власт
- Патиштата можат да бидат вклучени и користени како тампон зони со чистење запаливата вегетација на растојание од 5 до 10 метри на секоја страна од патот.

Пристапни патишта

► Патиштата се неопходни за гаснење на пожарите и евакуација на локалните жители. Според новите сознанија, препорачливо е за сите домови или други објекти да се планира пристап од две насоки. Ова ја намалува шансита жителите да бидат заробени заради бариери на патот. Покрај тоа, следните мерки ќе ја подобрат безбедноста на пожарникарите и локалното население :

- Патишта од сите големини треба да се одржуват за да бидат во возна состојба и перманентно се чистат од препреки, како што се паднати дрвја. Ова ќе ви овозможи подобар пристап за пожарникари и повеќе бегство опции за цивилите во случај на шумски пожари
- Имињата на улиците треба да бидат јасно и доследно обележени со цел да се намали потенцијал забуна за време на гаснењето на пожарот
- Куќните броеви треба да бидат јасно видливи и постојано истакнати заради истата причина
- Паркирањето треба да биде забрането на кружен тек или во тесните улички , така што возилата итни интервенции можеат да поминат
- Дрвата покрај улиците не треба да го попречуваат движењето на возилата за итна помош на било кој начин. Ова значи дека тие треба да бидат доволно

одалечени од патот и гранките бидат изчистени во височина од 3 до 4 метри од земјата

- Места за разминување треба да се изградат одредени растојанија на тесните патишта за да се овозможи разминување на две противпожарни возила. Ова е со цел да се избегнат долги и комплицирани маневри - операција која може да биде опасна во случај на пожари на отворен простор
- Против пожарни хидранти треба да бидат предвидени во новите урбани средини и да се протегаат колку што е можно повеќе покрај главните патишта надвор од селските граници. Ова ќе овозможи побрзо полнење со вода на против пожарните возила и избегнување на потребата за поминување на долги растојанија заради полнење вода.

Опрема за итни случаи и други не-специјализирани противпожарни алатки

Покрај специјализираната против пожарна опрема што се користи од страна на професионалните и добровоните пожарникари, локалната администрација може да биде во состојба да помогне во операциите за гаснење на пожарот преку поддршка за стекнување и одржување на друга против пожарна опрема, како што се пумпи за вода, генератори за електрична енергија, трактори и резервоари за вода.

Додека локалната противпожарна служба може да биде добро подготвена за гаснење на пожари на објекти и / или пожари на отворен простор, речиси сите превентивни операции од пожари може да се направат со алатки кои не се посебно дизајнирани за противпожарна заштита. Главната цел на речиси сите подготвителни активност за заштита од пожари на отворен просторсе со цел да се намали количината и континуитет на лесно запаливата вегетација во близина на објектите, како што е објаснето погоре.

► Ова може да се постигне или со алатки лесни за ракување или со тешка механизација - алатки кои генерално се користат за секојдневна работа во земјоделството , одржување на патиштата или градежни работи - било приватни или јавни .

- Рачните алатки кои може да се користат за оваа намена вклучуваат гребла , мотики и лопати. Индивидуални домаќинства и фарми , како и локалните агенции за стопанисување со шуми и паркови е многу веројатно дека ги поседуваат овие алатки. Со цел да изгради просека, можеби е можно да се соработува со нив, со цел да се избегне потребата за набавка на опрема специјално за оваа намена.
- Слично е со моќните алатки, во кои се вбројуваат моторна пила и моторни пили/циркулари за грмушки, и многу е веројатно дека земјоделците и корисниците на земјиштето и нив ги поседуваат.
- Тешката механизација која редовно се користи за земјоделство , како што се трактори со плугови и брани или механизација која нормално се користи за изградба на патишта , како што се грејдери и булдожери , може да се користи за изградба на против пожарни просеки и препреки.

Соработката и координацијата помеѓу локалните власти , агенциите за управување со земјиштето и сопствениците на земјиштето за употреба на опремата може да овозможи подготвителните против пожарни мерки да се преземат со релативно ниски трошоци за сите вклучени страни.

Подготвеност за ограничување на влијанието на пожар на отворен постор

И покрај најдобрата можна превентива, многу е веројатно дека регионот во кој во минатото имало пожари на отворен простор, повторно ќе ги има. Во овој случај, мерките погоре ќе водат кон ограничување на штетата предизвикана од овие пожари.

► Сепак, постојат дополнителни мерки кои може да се преземат и ќе ја ограничат изложеноста на локалната заедница на пожари на отворен простор преку подобрување на подготвеноста на организационо ниво.

- План за комуникациа/врски: Сите техничките средства кои во денешно време се на располагање треба да се користат за подготвка на систем за предупредување/тревога за информирање на жителите за опасност од пожари на отворен простор. Бидејќи мобилните телефони стануваат се почести, па дури и во оддалечените рурални области, би требало да се размисли за создавање на таков систем за тревога на локалната заедница (со SMS)
- Лонија за итни случаи: Покрај националните телефонски броеви за итни случаи (на пример, 112 или 193) локалните жители, исто така, треба да бидат во можност да се јават на локалната администрација со цел активно да обезбедат информации за состојбата со пожарот, или да добијат инструкции за тоа што да направат во случај на пожар.
- План за итни случаи: план за итни случаи во случај на пожар од големи рамери треба да биде подготвен и треба да содржи подготвителни мерки за евакуација и безбедно засолниште.

Посебно внимание за лицата со хендикеп:

Лицата со посебни потреби и многу од поединците кои неможат сами да се евакуираат, да ја видат опасноста која се приближува или ги слушнат најавите да се евакуираат, се особено ранливи за време на пожари на отворен простор. Луѓе кои се слепи и / или глуви не се во можност да ги слушнат локалните радио најави и веројатно гледаатнема да (или слушаат) телевизија. Покрај тоа, тие обично не се во состојба да возат и да се евакуираат правилно.

Мерките за подготвеност на ниво на локалната заедница, исто така, треба да содржат:

- Планови за итни случаи со ажурирана податоци и брошури кои се однесуваат на чекорите кои треба да се преземат од страна на лицата со хендикеп за време на подготовките за пожари и / или евакуација
- Подобрена телефонска линија за итни случаи и системи за тревога кои на службите за јавна безбедност им овозможуваат пристап до списокот на поединци на кои можеби ќе им треба специјализирана помош во некои итни случаи или евакуација
- Волонтерски програми кои може да им помогнат на поединци во текот на евакуација кога тие не се во состојба самите да го стори тоа
- Програми за јавна безбедност со можност да им помогне на луѓето со потешкотии во завршувањето на проценката во однос на безбедноста на домот
- Листа од препорачани критични содржини да биде евакуирана во итни случаи на пожар на отворен простор, така што овие содржини да им бидат достапни на луѓето со хендикеп
- Телевизиските медиуми со наслов за итни известувања во моментот кога итната објава е направена.

Одбрана на Села, Сарми и Други Рурални Населби и Објекти од Пожари на Отворен Простор:

Прирачник за Локално Население и Претседатели на Општини во Балканскиот Регион

ДЕЛ 2

ПРИРАЧНИК ЗА ЛОКАЛНО НАСЕЛЕНИЕ

Вовед

Повеќето пожари на отворен простор во регионот на Балканот се случуваат во текот на вообичаените летни временски услови. За време на вакви временски услови повеќето пожари може да бидат контролирани од страна на персоналот и опремата на противпожарните служби. Сепак, пожарите што се јавуваат за време на многу топли, суви и ветровити денови можат да се шират брзо и пожарникарите многу тешко или воопшто неможе да ги контролираат. Овие пожари може да изгорат големи површини под шума и обработливо земјиште, уништат куќи и изгорат добиток, а понекогаш и луѓе можат да бидат повредени или го изгубат својот живот. Во последните години сме виделе дека големи шумски површини, земјоделски површини и села во нашата близина биле оштетени или уништени од шумските пожари. На пример, во Грција, во 2007 година, за време на шумските пожари имаше многу смртни случаи и илјадници луѓе останаа без покрив над главата и невработени. Покрај тоа, последните години илјадници хектари земјоделско земјиште, заедно со голем број на населби и друг вид на земјиште се уништени од страна пожарите на отворен простор на територијата на Балканскиот полуостров.

За време на пожарите на отворен простор, пожарникарите обично се преокупирани со нивно локализирање и гаснење, но сепак големината и интензитетот на пожарите може да биде таков што тие нема да бидат доволни да ве заштат вас и вашиот дом. Пожарите може да избувнат одеднаш и можеби нема да добиете никакво предупредување од властите, бидејќи тие може да се преоптоварени со пожарите што беснеат во исто време. Затоа ваша одговорност е да бидете подготвени за одбрана на вашиот имот и животите на вашето семејство. Многу веројатно е дека правилно подготвеното домаќинство ќе го преживее пожарот на отворен простор, а шансите за тоа се зголеми значително ако луѓе со соодветно знаење за заштита од пожари, вклучувајќи ве и вас, се таму за да го заштитат вашиот дом. Познавањето на основните принципи за заштита од пожари ќе ви помогне да се минимизира ризикот да бидете, на пример: заробени од пожар во вашиот автомобил, страдате од вдишување чад или екстремно висока температура.

Овој прирачник ви помага да преземете важни и неопходни превентивни мерки кои можат да ви помогнат да преживеете и да го заштитите вашиот имот од пожари на отворен простор.

2. Дали постои ризик за вашата куќа или фамилија?

Во ваш интерес е да бидете подготвени и да го заштитите вашиот имот, вашето семејство и соседите додека помошта пристигне. Важно е да се направи план за тоа што ќе направите ако на вашиот регион се заканува пожар на отворен простор. Тој план треба редовно да го вежбате со вашето семејство. Вашиот план и свеста може

да ја направат разликата во спасувањето на вашиот живот и животите на вашите најблиски.

Ве молиме да се запознајте се со следниве факти и прашања. Ова ќе ви помогне да го сватите ризикот од пожар во вашата околина:

- **Историјат на пожарите на отворен простор - Каде и колку често во минатото?** Некои места имаат историја на пожари. Колку почесто пожари се случувале во минатото, толку повисок е ризикот дека тие ќе се појават повторно.
- **Вегетација – Колку?** Ако имате голема покриеност со висока трева, шума и запаливи грмушки во близина, тогаш се наоѓате во област со висок ризик. Областа со низок степен на ризик ќе има помалку или нема да има такви типови на горлив материјал.
- **Вегетација - Колку сува?** Колку посува вегетација, толку е поголема опасност од пожар. Вегетацијата се суши во текот на летото, но, исто така, влагата се зголемува и опаѓа во текот на денонокието. Општо земено, влажноста на воздухот и содржината на влага во сувиот (суви стебла, суви грмушки, сува трева и листинецот) горлив материјал највисока е наутро (Низок ризик од пожар), додека тие се на најниско ниво рано попладне (Висок ризик од пожар)
- **Патишта - Колку се добри?** Подрачја со неколку тесни патишта би можеле да претставуваат проблем за време на пожари, поради тоа што едноставна бариера (на пример, паднато дрво) може да ја блокира евакуацијата/повлекувањето или оневозможи/попречи на противпожарните сили да се справат со пожар или вам ви помогнат.

3. Подготовка на вашиот имот

3.1 Како вашиот дом неговото опкружување да останат безбедни од пожар на отворен простор

Сезоната на пожари е времето од годината кога и мали палења на оган е многу најверојатно дека ќе предизвикаат пожари. Ова се случува најчесто во текот на летото кога топлото и суво време ја суши тревата и другиот лесно запалив горлив материјал. Сепак, важно е да се запомни дека пожарите може да настанат во секое време од годината кога има присуство на сув лесно запалив горлив материјал.

Во текот на месеците кога веројатноста за појава на пожари е поголема, ризикот од штети или загуба на животи од пожари на отворен простор може да се намали со

одржување на објектите и околината имотот во состојба која ќе го ублажи влијанието на пожарот. Со цел да се избегне сато ова работа да се прави одеднаш или изврши евакуирање додека не е предоцна, голем дел од оваа работа треба да се изврши во пролет, пред почетокот на сезоната на пожарите на отворен простор.



Вашето семејство треба да планира подготовка за сезоната со голем степен на опасност од пожари на отворен простор

3.2 Листа за проверка на безбедноста накуќата од пожар

НАДВОР

1. **Распоред / Конструкција**

- Бидете свесни дека врвовите на гребените, кањоните и области меѓу високите делови на гребенот се изложени на поголем ризик во случај на пожар.
- Користете огно отпорни градежни материјали за покриви (метал, плочи, цемент), сливници (метал), отвори (покријат со ситна метална решетката), надворешните ѕидови (цемент, тули, армирано-бетонски), прозорци (метална рамка) и врати (претежно метал). Термо-пан прозорци обично имаат поголема отпорност на пожар. Покрај тоа, специјално конструирани отпорни на оган ролетни може да се користат иако тие се сметаат за ефективни.
- Долната страна на стреата, балконите и други надземна тераси обложете ги со огано отпорни материјали, како што се цемент или огно отпорен гипс картон. Огноотпорни лак или боја можат да се користат за премаз на дрвени површини.
- Избегнувајте користење запаливи материјали, на пример "терпапир" (хартија со катран) под покривот, пластичен мебел, дрвен под или дрвени прозорци итн.
- Огревните дрва чувајте ги подалеку од куќата, по можност заштитени така што тие нема да се запалат во случај на пожар.
- Течните горива чувајте ги во вентилирани и заштитени куќишта, по можност во посебно бетонско спремиште, не помалку од 5 метри одалечено од куќата.
- Местото за скара да се гради со тули, а вегетацијата околу неа да биде одстранета во зоната 2 метри околу неа. Сувата трева од искри може да се запали дури и на поголеми растојанија од ова.
- Да се извести електро компанијата за далноводотие, ако дрвјата и гранките растат на помалку од 3 метри оддалеченост од жиците на далноводот.

2. **Покрив и двор**

- Покривот и сливниците на вашата куќа да да се исшистат од секаков горлив материјал (листови, иглишки, граншиња и слично)
- Отстранете ги гранките што висат над вашиот покрив и дрвјата и гранките држете ги на барем 5 метри одалеченост од вашиот оџак.

- Отстранете ги сувите гранки од дрвјата до 3 метри височина од земјата и редовно косете ја тревата тревата и сечете ги грмушките.

- Сите растенија наводнувајте ги редовно и со отстранувајте ги сувите гранки, лисја и иглички, онолку колку што е тоа потребно.



Отстрани ја живата и сува вегетација и чувањето на огревно дрво во близина на куќата и околните објекти

3. Водоснабдување за итни случаи

- Имајте црево доволно долго за да се покрие периметарот на вашиот имот, со цел да се изгасне жарта, прска вегетација околу куќата и да го одржувате покривот влажен, ако е тоа потребно.

- Резервоарот за вода постојано чувајте го полн.

- Ако со вода се снабдувате од бунар, генераторот за итни случаи ќе биде исклучително корисен за да овозможи работа на пумпата за време на прекин на електричната енергија.



Соберајте дождовница или вода од бунар и потоци во посебен резервоар или во резервоар за заштита на вашата куќа и двор од пожари на отворен простор

4. Пристапност

- Одредете најмалку два правци за евакуација од вашето соседство.
- Осигурајте се дека знакот со име на вашата улица е јасно видлив на секоја раскрсница
- Поставете го бројот на вашата куќа за тој да е лесно видлив од улица, па дури и ноќе.
- Отстранете ја лесно запаливата вегетација барем 3-4 метри од патеките и улиците
- Исечете ги надвиснатите гранки над пристапните патишта
- Проверете дали електричните водови се чисти од дрвја и гранки. Ако е можно користете изолирани електрични жици.



Одржувајте ги пристапните патишта и електричните водови чисти од надвиснати дрвја и гранки
Бидете сигурни дека сообраќајните знаци и куќните броеви се правилно поставени и одржувани

ВНАТРЕ

1. Дневна соба

- Инсталирајте метална мрежа пред каминот или печката на дрва.
- Пепелта од вашиот камин чувајте ја во метален сад и манипулирајте со пепелта само кога таа е оладена.
- Оџакот од каминот исчистете го најмалку еднаш годишно. Излезниот отвор на оџакот да се покрие со ситна метална мрежа.
- Огно отпорен лак или боја може да се користат за премачкување на дрвените површини внатре во куќата.

2. Заштитна облека

- Снабдете доволно заштитна облека за сите членови на семејството. Се препорачува: дебела, памучна облека која покрива од глава до пети, кожени чизми со врвки; кожени ракавици за работа; заштитни маски.

3. Гаража и други објекти на фармата

- Монтирајте најмалку еден противпожарен апарат со сув прав во гаражата, проверувајте на неговата состојба редовно и научете како да ракувате со него.
- Поседувајте алатки како што се лопата, мотика, гребло и кофа и нека бидат на располагање за употреба при пожар на отворен простор. Грбната прскалка, кааква што се користат од страна на пожарникарите, или дури и таква за земјоделски операции, полна со вода и подготвена за употреба, исто така е исклучително корисна.
- Чувајте ги сите горливи материи подалеку од изворите на палење, како што бојлерите на пример.
- Електричните алати и апарати кога не се во употреба исклучете ги од струјата.



Вашата работилница или гаража често содржи електрични апарати, системи за греење и машини
Бидете сигурни дека сите технички системи се безбедно инсталирани
Имајте противпожарни апарати и рачен алат подготвени за употреба

3.3 Опрема/уреди на фармата и заштита од пожари

Земјоделски машини и операции

Доброто планирање, одржување и заштитата на куќата се клучните нешта за заштитата на вашата фарма и земјоделски машини од пожари на отворен простор.

- Поставете соодветни противпожарни апарати на земјоделските машини
- Проверете дали сите машини се исправни со што би се спречило предизвикување на пожар и имаат безбеденосен систем за издувни гасови и "фаќаќ" на искри.
- Исчистете ги сите машини редовно да се обезбеди стомакот тави и простори околу мотори се ослободени од масло, прашина, масти , трева и слама
- Пожари може да започне кога возење низ или во близина на запаливи вегетација како резултат на топла издувни гасови, се движат машински делови или кога камења или жица се погодени од трактор сечила. Машини за операторите треба да бидат свесни за она што се случува надвор од кабината и секогаш проверете зад нив за можни ignitions
- Одржувајте ги пристапните влезови околу објектите на фармата и дворови добро напасени од добиток или искосени да се намали опасноста од пожар
- Сеното балирајте го и складирајте го кога е сува а не влажно , за да се спречи негово спонтано палење
- Заварувајте ги плуговоте само на места без вегетација. Влажнете ја околината и имајте опрема за гаснење пожар во близина. Овие активности не треба да се вршат во услови на голема опасност од пожар.



Поправете ги тракторите и другите машини и исчистете парче земја од вегетацијата
Да се биде внимателен со користење опрема за заварување и да се избегне пушењето

4. Итни случаи при пожари на отворен простор

Кога пожар на отворен простор се приближува кон вашата куќа или селото, предупредувањето и информациите може да се дадат преку различни средства:

- Мобилни системи на звучници за полиција и возила за итна помош, особено во станбени случувања
- Локални радио станици, особено јавните, и локални и регионални телевизиски станици
- Лично, од врата на врата, или по телефон во случај на фарми и изолирани куќи
- Може да се употребуваат и други системи, како што се сирени за предупредување. Современиот информативен систем ќе испраќа SMS пораки до претплатниците.



Слушајте радио и ТВ емисии за добивање на информации за пожари во вашата близина
Јавите се во полицијата и противпожарната служба ако имате откриено пожар или ако ви треба информација за веќе активен пожар

4.1 Подготовка на објектот за пожар на отворен простор

Во случај на пожар на отворен простор, куќата или сличен објект може да обезбеди адекватна заштита од искри, жар, топлотно зрачење , топли гасови и пламен. Таков објект по извесно време би можел евентуално и да изгори, но тој може да ве заштити додека најголемата опасност од пожарот не помине.

Ако има предупредување за пожар во вашата околина и вие одлучите да останете на вашиот имот

Од страна на возрасните, кои може да се справи со огнот, следниве активности треба да се преземат:

- Поставете црева за вода , така што ќе може да го достигнете кој било дел од куќата
- По можност користете пумпи со сопствен моторен погон
- Заштитете се себе си со памучна облека со долги ракави, затворени чевли и заштитна маска за да се спречи вдишување на чад. Марами или марамчиња може да се користат како алтернатива , но тие нудат минимална заштита
- Отстранете ги сите запаливи предмети надвор од домот
- Наполнете ја кадата и другите резервоари со вода и натопете крпи за евентуално гаснење на мали пожари
- Ако времето дозволува, одстранете ја вегетацијата која допира или е многу блиску околу куќата, користејќи гребла, мотики, итн
- Останете надвор што е можно подолго , со цел да ги изгаснете малите пожари кои се предизвикуваат од заплените честички/жарчиња што паѓаат.



Мали жарчиња што летаат од пожарите на отворен простор се важнен причинител за пожари на куќите

Тие нема да ги запалат вашиот двор и куќа ако запаливите материи се отстранат пред доаѓање на пожарот

Малите жарчиња може да се изгаснат лесно кога паѓаат во вашиот двор или покривот на куќа

Ако огнот се приближува многу блиску до вашата куќа

- Оди во куќата со целото семејство. Важно е да останете сите заедно како група
- Останете во внатрешноста на куќата ако огнот веќе пристигнал или многу брзо се приближува. Во овие случаи, доколку властите не ви дале други инструкции, секогаш е побезбедно да се останете во внатрешноста на куќата
- Затворете ги сите врати и прозорци, затворете ги ролетните
- Исклучете го гасот, нафтата и други вентили за други горива, исклучетеја електрична енергија
- Темелно влажни ги сите делови загрозени од пламените јазици
- Внимавај и изгасни ги сите мали пожари, особено на покривот, таванот, ролетните, чардаците или дрвени подови.

Кога еден пожар на отворен простор се приближува, приоритет за евакуација во безбедна зграда дајте на стари лица, деца и лица со посебни потреби

4.2 Евакуација

Поважни работи за време на евакуација:

- Оди во спротивна насока на пожарот додека не дојдеш до безбедно место определено од страна на властите, кое може да биде чистинка, паркинг или во близина на морето

- Ако користите автомобил, возете без паника, колку што е можно помирно и бидете подготвени за паничното однесување на другите возачи. Бидете особено внимателни во услови на дим бидејќи одеднаш во вашиот видокруг може да се појават возила на итна помош, пожарна и други возила кои ги евакуираат луѓето. Вклучете го светлата и задното светло за магла . Користете го клима уредот на автомобилот и наместете го на рециркулација на внатрешниот воздух.

- Најнапред да се евакуираат децата, лицата со посебни потреби , стари лица и лица со тешкотии во дишењето и проблеми со анксиозност.

- Овозможи слободен премин за возилата за итна помош , за тие да можат да работат

- Помоги на службите за итни случаи да влезат во вашиот дом и простории

- Секогаш следете ги горенаведените совети, но исто така внимателно разгледајте ги и официјалните инструкции

- Како и да е, не го напуштите вашиот имот, ако мислите дека куќата (направена од камен и сл.) е доволно безбедна и / или ќе мора да поминете во близина или преку пламенот за да се евакуирате.

Навремена одлука - безбедна евакуација



Ненавремената одлука често резултира со хаос и некоординирана или нецелосна евакуација

4.3 Преживување при пожар на отворен простор

Понекогаш може да нема можност лесно се избегне пожарот кој се приближува. Во случај директно да бидете загрозени од пожар на отворен простор, придржувајќи се кон одредени фундаментални принципи и процедури, повредите може да бидат избегнати или минимизира, смртни случаи избегнати. Постојат четири едноставни концепти од кои еден мора да се одбере и да се обидете цело време на него да се придржувате:

- Изберете една област со малку или без вегетацијски горлив материјал и држете се што е можно поблиску до земјата, најдобро во дол или депресија
- Заштитете се од топлина застанувајќи зад цврсти предмети, како што се карпи, големи камења, големи лежечки трупци, дрва и сл
- По секоја цена заштитете ги вашите дишни патишта од топлина и обидете се да ја минимизирате изложеноста на дим со шамивче, шамија или слично.
- Обидете се да останете што е можно по мирени.

Како да се заштитите себе си од оган на отворено

- Одете во спротивна насока на пожарот и обидете се да стигнете до област која веќе е изгорена или е без вегетација

- Немојте да претрчувате преку оган ако не сте во можност да го видите теренот од другата страна и тој е доволно низок за безбедно го поминете (прекини може да има таму каде што има помалку горлив материјал)
- За да се избегне вдишување на дим покријте го лицето користејќи шамија или марамче
- Избегнувајте падини и тесни долини и не се засолнувајте во бунари или пештери
- Ако сте во близина на море или река, останете во близина на водата, и ако е потребно влезете во неа.

Ако пожарот на отворен простор се приближува - веднаш напушти ја шумата или грмушките
На плажа или на место без вегетација е безбедно

Ако вие и вашето семејство сте заробени од пожар на отворен простор:
баратје “место што не гори” како што е река или под мост изграден од камен

Како да се заштитите себе си ако огнот изненадно ве затекне во вашиот автомобил

- Запрете на некое заштитено место со што помалку вегетација наоколу. Ако е можно повлечете се на спротивната страна на патот од правецот на приближување на пламенот
- Затворете ги вратите и прозорците и исклучете ја вентилација на автомобилот
- Ако имате клима-уред во вашиот автомобил, вклучете го за да внатрешноста на автомобилот се задржи колку што е можно поладна. Бидете сигурни дека сте го поставиле да рециркулација на внатрешниот воздух за да се избегне влегување на дим во вашиот автомобил
- Вклучете ги светлата, така што вашиот автомобил полесно може да се види во димот
- Уклучете ја сирената за да го привлечете вниманието на службите за итна помош.

Ако вашиот автомобил е заробен од оган и дим:
Бидете сигурни дека ќе може да се види и чуе од страна на против пожарната и службата за спасување

4.4 Заштита од димот од пожар

Дури иако пламенот не е директна закана, димот од пожарот на отворен простор може да биде многу опасен . Ако има дим од пожар на отворен простор:

- Ако немате заштитна маска, дишете преку шамиче за да го филтрирате димот

- Останете внатре со затворени прозорци и врати и користете влажни пешкири за да го спречите влегувањето на димот од преку отворите

- За да се избегне влегување на дим, користете го режимот за кружење на воздухот на клима уредот во вашиот дом или автомобил

- Избегнувајте готвење и чистење со правосмукалка. Тие може да го зголемат загадувањето во затворен простор.

- Лицата со здравствени проблеми треба да бидат особено внимателни , да избегнуваат интензивна физичка активност и цело време треба да дишат преку марамчиња.

- Консултирајте се со вашиот лекар доколку имате болки во градите, стегање во градите, недостаток на воздух, или осеќате замор. Ова е важно за луѓето со хронични белодробни или срцеви заболувања и за луѓе кои биле претходно дијагностицирани со оваа болест. Димот може да " одкрие " или произведува симптоми на болест

- Чувајте ги дишните патишта влажни пиејќи многу вода. Дишат преку топли, влажни чисти алишта за да ја ублажувите сувоста на воздухот.

Држете ги прозорците и вратите затворени кога димот од пожарот ќе ја прекрие вашата територија
Подгответе заштита за дишење и јавите се на вашиот лекар и брза помош ако почуствувате болки и проблеми при дишењето